Бр: 10-107
Скопје: ______________

Врз основа на член 10 и член 15 став (3) од Законот за контрола на државната помош („Службен весник на Република Македонија„ бр. 145/10), Комисијата за заштита на конкуренцијата постапувајќи по Известувањето за планирано доделување на помош бр. 10-107 од 17.07.2023 година, поднесено од Фондот за иновации и технолошки развој како давател на државна помош, согласно Јавниот повик за предизвикот „Паметен школски менаџмент: Интегриран пристап кон одржливоста“, на седницата одржана на 06.09.2023 година го донесе следното

# **Р Е Ш Е Н И Е**

Комисијата за заштита на конкуренцијата при испитување на Известувањето за планирано доделување на помош бр. 10-107 од 17.07.2023 година поднесено од страна на Фондот за иновации и технолошки развој, за Јавниот повик за предизвикот „Паметен школски менаџмент: Интегриран пристап кон одржливоста“, утврди дека доделувањето на финансиските средства преку Јавниот повик за предизвикот „Паметен школски менаџмент: Интегриран пристап кон одржливоста“, **не претставува државна помош** во смисла на законодавството за државна помош со оглед на фактот дека не се исполнети условите кои го дефинираат поимот за државна помош од член 5 од Законот за контрола на државната помош.

## **О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 10 од Законот за контрола на државната помош, Комисијата за заштита на конкуренцијата (во натамошниот текст: КЗК) е надлежна за оцена и надзор на секој облик на поддршка, односно дали истата претставува или не претставува државна помош во смисла на Законот за контрола на државната помош.

Секој давател на државната помош, дефиниран во член 6 став (1) од Законот за контрола на државната помош, е должен, според член 13 став (1) од Законот за контрола на државната помош, до КЗК да достави известување за секој план за доделување на нова или промена на постојната државна помош, без оглед дали истата се доделува како индивидуална помош или како шема на помош.

Постапувајќи во согласност со обврската за известување, Фондот за иновации и технолошки развој, како давател на државна помош, до КЗК достави Известување за планирано доделување на помош на основа на Јавниот повик за предизвикот „Паметен школски менаџмент: Интегриран пристап кон одржливоста“ бр. 10-107 од 17.07.2023 година, Правила за организирање и спроведување на натпревари или предизвици за поттикнување на иновативноста во приоритетните области од науката и технологијата од 20.01.2020 година, арх. бр. 01-514/17, Правила за дополнување на правилата за организирање и спроведување на натпревари и предизвици за поттикнување на иновативноста во приоритетните области од науката и технологијата од 16.03.2020 година, арх. бр. 01-797/6, Правила за дополнување на правилата за организирање и

спроведување на натпревари и предизвици за поттикнување на иновативноста во приоритетните области од науката и технологијата од 01.06.2020 година, арх. бр. 01-1662/5, Јавен повик- „Паметен школски менаџмент: Интегриран пристап кон одржливоста“ и Одлука за донесување на Јавниот повик-„Паметен школски менаџмент: Интегриран пристап кон одржливоста“.

КЗК со допис бр. 10-107 од 27.07.2023 година а согласно член 14 став (3) од Законот за контрола на државната помош, побара од Фондот за иновации и технолошки развој да го исправи и дополни Известувањето за планирано доделување на помош. Фондот за иновации и технолошки развој, на ден 27.07.2023 година со допис бр. 02-2198/7 достави до КЗК корегирано Известување за планирано доделување на помош.

Со оглед на фактот дека поднесеното известување ги содржи потребните податоци за оценка на помошта согласно член 14 став (1) од Законот за контрола на државната помош, како ден на прием на уредно известување се смета 27.07.2023 година.

КЗК во законски предвидениот рок го испита доставеното известување и утврди дека доделувањето на финансиските средства преку Јавниот повик за предизвикот „Паметен школски менаџмент: Интегриран пристап кон одржливоста“, **не претставува државна помош** во смисла на законодавството за државна помош со оглед на фактот дека не се исполнети условите кои го дефинираат поимот за државна помош од член 5 од Законот за контрола на државната помош.

Предизвикот „Паметен школски менаџмент: Интегриран пристап кон одржливоста“ има за цел да поттикне зголемување на свеста кај граѓаните, намалување на потрошувачката енергија, зголемување на енергетската ефикасност и намалување на емисиите на штетни гасови и заштита на животната средина; односно активности за развивање на иновативни технологии, услуги и процеси кои што ќе придонесуваат кон пооптимална потрошувачка на електрична енергија восредните училишта и студентските домови. Со овој систем ќе биде овозможено автоматско мониторирање и контрола на сите светла, автоматизирањето на целиот процес преку намалување на потрошувачката на електрична енергија и намалување на трошоците во средните училишта и студенските домови од Северо Источниот плански регион во општините: Куманово, Крива Паланка, Кратово и Липково.

Со имплементирање на овој паметен систем се очекува комплетен преглед на светлата и потрошувачката на енргијата преку: автоматизација на целиот процес, намалување на потршувачката на енергија, подобрување на ефикасноста во работењето и создавање на услови преку намалување на CO2 и развој во паметен школски менаџмент. Решенијата треба да ги осовременат услугите на школите и да бидат применливи и во нормални услови на функционирање, со разработен план за натамошно одржување и подобрување преку следните специфични цели:

- Намалување на потрошувачката на енергија (со имплементација на IoT уреди и паметни модули), со имплементирање на IoT уреди за контрола, мерење и оптимизација на потрошувачката на енергија во зградата.
- Контролата и оптимизацијата на потрошувачка кај уреди кои користат електрична енергија, греење и климатизација.
- Системи за рано предупредување и превенција од опасност и хаварија се дел од карактеристиките на паметна зграда за да се намали непотребната потрошувачка на енергија и со тоа да се намалат штетните CO2 емисии.
- Смарт систем за контрола на енергетската потрошувачка во училиштата со автоматско мониторирање и контрола на сите светла во училиштата.

- Системот сам ќе знае кога да ги вклучи/исклучи светлата, па дури и да намали осветленост во ходниците каде нема движење во моментот.
- Администраторот ќе има пристап до системот кој може да се програмира да го вклучува училишното осветлување кога сонцето заоѓа и да го гаси кога сонцето ќе изгрее. Исто така за заштеда на електрична енергија можна е и дополнителна контрола врз уличното осветлување, односно истата да се исклучува за одредено време преку ноќта.

Согласно Предизвикот „Паметен школски менаџмент: Интегриран пристап кон одржливоста", училиштата и студентските домови во кои треба да се спроведе и имплементира паметното дигитално решение во Северо-Источниот плански регион се: СОУ Гимназија „Гоце Делчев" Куманово, СОУ „Перо Наков" Куманово, ОСТУ „Наце Буѓони" Куманово, ССОУ „Киро Бурназ" Куманово, СОУ „Ѓорче Петров" Крива Паланка, СОУ „Митко Пенџуклиски" Кратово, СОУ „Исмет Јашари" Липково, Ученички дом „Професор Мијалковиќ" Куманово и Ученички дом „Митко Пенџуклиски" Кратово.

Воедно, во точка 3 од Известувањето за планирано доделување на помош, овие училишта и студентски домови се наведени како корисници на помошта.

Овој предизвик, Фондот за иновации и  технолошки развој го реализира во партнерство со Министерството за локална самоуправа и соработка со Швајцарската Амбасада во Република Северна Македонија за поддршка на проектот "Одржлив и инклузивен рамномерен развој-Фаза 2".

За финансирање на проекти во рамки на Предизвикот „Паметен школски менаџмент: Интегриран пристап кон одржливоста", обезбеден е вкупен буџет од 21.525.000,00 денари.

Од вкупниот буџет за предизвикот, Фондот за иновации и технолошки развојобезбедува финансиски средства во износ од 12.300.000,00 денари, остатокот од 9.225.000,00 денари го обезбедува Министерството за локална самоуправа.

За победничкиот предлог проект, Фондот за иновации и технолошки развој заедно со Министерството за локална самоуправа обезбедуваат финансирање од 100% од вкупниот буџет на проектот, во максимален износ од 21.525.000,00 денари. Доколку нема доволно квалитетни предлог проекти или не се исполнети условите за финансирање, Фондот за иновации и технолошки развој го задржува правото да не додели финансиски средства.

Со оглед на горенаведеното, КЗК утврди дека дека доделувањето на финансиски средства од страна на Фондот за иновации и технолошки развој и Министерството за локална самоуправаза реализација на Предизвикот „Паметен школски менаџмент: Интегриран пристап кон одржливоста" **не претставува  државна помош** во смисла на член 5 став (1) од Законот за контрола на државната помош, бидејќи со реализацијата на Предизвикот, директна корист ќе имаат крајните корисници, односно седумте школи во Куманово, Крива Паланка, Кратово и Липоково и двата студентски дома во Куманово и Кратово.

Оттука, ова доделување не може да ја наруши конкуренцијата преку овозможување на економска предност на определено претпријатие, бидејќи во случајот, во крајна линија, седумте школи и двата студентски дома во Куманово и Кратово ќе ги користат бенефитите од релизацијата на Предизвикот „Паметен школски менаџмент: Интегриран пристап кон одржливоста".

**Правна поука**: Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА**
**КОМИСИЈАТА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**

**Проф. Д-р Владимир Наумовски**